# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 16 | Петок, 13 декември 2024 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

### Градоначалник на Општина Струмица:

**Рег.бр.** **Стр.**

**506. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 45-та седница на Советот на општина Струмица ....................................................................................................................................**2**

### Совет на Општина Струмица:

**Рег.бр**
**Стр**

**507.** Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Струмица за 2024 година................................................. **3**

**508.** Одлука за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица............................................. **4**

**509.** Одлука за кофинансирање на Проект за изведба на „улица 23-ти Октомври" (лев коловоз) Општина Струмица.................... **5**

**510.** Одлука за отпис на застарена обврска кон правно лице................................... **5**

**511.** Одлука за доделување парична помош на Љубинка Рубиева од Струмица............................................. **5**

**506.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 45-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 45-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 12.12.2024 година и тоа:

1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Струмица за 2024 година, бр.08-9307/1 од 12.12.2024 година;
2. Одлука за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица, бр.08-9308/1 од 12.12.2024 година;
3. Одлука за кофинансирање на Проект за изведба на „улица 23-ти Октомври” (лев коловоз) - Општина Струмица, бр.08-9309/1 од 12.12.2024 година;
4. Одлука за отпис на застарена обврска кон правно лице, бр.08-9310/1 од 12.12.2024 година;
5. Одлука за доделување парична помош на Љубинка Рубиева од Струмица, бр.08-9311/1 од 12.12.2024 година;

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-9312/2 Општина Струмица
13.12.2024 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..........................................................................................................................

**507.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локалната самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 ),а во врска со член 33 од Законот за Буџети ( Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и весник на РСМ бр. 151/21) и член 20 од Статутот на општина Струмица (" Службен гласник на општина Струмица " број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15,8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на четириесет и петата седница одржана на ден 12.12.2024 година, донесе

**Одлука**
**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Струмица**
**за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина СТРУМИЦА за 2024 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **К10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 1.500 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | -6.500 | 0 | 0 |
| **К20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -1.500 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -1.500 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | -1.100 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 4.100 | 0 | 0 |
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -295.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -150.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -480.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 32.000 | 0 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 97.000 | 0 | 0 |
| 423990 | Други материјали | 0 | 0 | 38.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 337.000 | 0 | 0 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардвер | 0 | 0 | 28.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 284.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 54.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | 19.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 14.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 22.000 | 0 | 0 |
| **Н20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -65.000 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -45.000 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -130.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 67.000 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 0 | 0 | 129.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 44.000 | 0 | 0 |
| **В10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | -248.200 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | -21.800 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | -84.000 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | -37.000 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболувањ | 0 | 0 | -3.400 | 0 | 0 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработувањ | 0 | 0 | -7.600 | 0 | 0 |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 0 | 0 | -32.000 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | 149.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 421310 | Пошта | 0 | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 190.000 | 0 | 0 |
| | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во " Службен гласник на општина Струмица "

Бр.08-9307/1 Совет на општина Струмица
12.12.2024 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..............................................................................................

## 508.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21), член 7 од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 104/15, 153/15, 192/15 и 30/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе:

**Одлука**
**за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат проценувачи - вработени во администрацијата на Општина Струмица, што ќе вршат процена на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица.

Член 2

Како овластени проценувачи на утврдувањето на пазарната вредност на недвижностите се определуваат:

1. Снежана Орцева, Инспекторат – Сектор за инспекциски работи;
2. Белагија Аливкинова – Сектор за правни и општи работи;
3. Љупка Цветкова, Сектор за ЛЕР и заштита на животната средина;
4. Софија Ристова – Сектор за урбанизам и комунални работи;
5. Нада Михајлова – Сектор за урбанизам и комунални работи;
6. Маја Јанковска – Сектор за урбанизам и комунални работи;
7. Иван Младенов – Сектор за урбанизам и комунални работи.

Овластените проценувачи од ставот 1 на овој член, покрај редовните работи и работни задачи ќе вршат дополнителни работи и работни задачи како овластени проценувачи на утврдувањето на пазарната вредност на недвижностите.

Член 3

На лицата кои ја вршат процената од членот 2 на оваа Одлука за вршењето на дополнителни работи и работни задачи, како проценувачи им се утврдува надоместок од 300 денари од предмет, согласно трошоците на постапката и поднесениот квартален извештај до Градоначалникот на општина Струмица.

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престануваат да важат: Одлуката за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на општина Струмица број 08-756/1 од 27.01.2015 година, објавена во („Службен гласник на општина Струмица" бр.1/15) и Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување проценувачи на пазарната вредност на недвижниот имот како даночна основа при утврдувањето на даноците на имот на подрачјето на Општина Струмица број 08-2879/1 од 12.04.2018 година, објавена во („Службен гласник на општина Струмица" бр.4/18).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица".

Бр.08-9308/1 Совет на општина Струмица
12.12.2024 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

..........................................

**509.** Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе:

**Одлука**
**за кофинансирање на Проект за изведба на „улица 23-ти Октомври” (лев коловоз) - Општина Струмица**

Член 1

Се утврдува **кофинансирање за Проект за изведба на “улица 23-ти Октомври” (лев коловоз)- Општина Струмица**, **со износ од 8.264.001,00 денари** (134.374,00 евра) согласно претходно донесена Одлука со бр.08-7176/1 од 04.10.2024 година за утврдување на приоритет за учество на Општина Струмица во имплементација на проект за изведба на улица 23-ти Октомври(лев коловоз)- Општина Струмица, односно 20% од вредноста на проектот (вкупна вредност на проектот е 40.502.916,00 денари или 658.584,00 евра).

Член 2

Со утврдениот приоритетен проект е аплицирано и добиен грант од Проект за поврзување на локални патишта финансиран од Светска банка од страна на Влада на РСМ при Министерство за транспорт, Tender 10-Дел 1 активност број LRCP-9034 и 9210-MK-RFB-A.2.1.10(1).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.Гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-9309/1 Совет на општина Струмица
12.12.2024 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...........................................

**510.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за отпис на застарена обврска кон правно лице**

Член 1

Се врши отпис на застарена обврска која Општина Струмица ја има кон правното лице Друштво за трговија, производство и услуги ЕЛ СТУДИО ДООЕЛ увоз-извоз Струмица во вкупна висина од 69,455,оо денари од 2013 година.

Член 2

Отписот на обврската освен поради застареност, исто така се врши и заради бришење на правниот субјект од евиденцијата на Централен регистар на РСМ поради евидентирано Решение за отворена и заклучена стечајна постапка над ДТПУ ЕЛ СТУДИО ДООЕЛ Струмица од 2014 година.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансиски прашања при општина Струмица да ја спроведе одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица“.

Бр.08-9310/1 Совет на општина Струмица
12.12.2024 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

...........................................

**511.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Љубинка Рубиева од Струмица**

**Член 1**

На Љубинка Рубиева од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,00 денари, за лекување

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за

2024 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-9311/1 Совет на општина Струмица
12.12.2024 год. Претседател
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

**...........................................**